**Известување за концентрација со која Друштво за трговија и услуги ГРЕЕН МАЦХИНЕС ДОО Велес од Република Северна Македонија ќе стекне единственаконтрола над ГМ АМ ЛОГИСТИК ЦЕНТЕР СРЛ од Република Романија**
**(предмет бр. 08-100 од 18.12.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 18.12.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошен текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствена контрола од страна Друштво за трговија и услуги ГРЕЕН МАЦХИНЕС ДОО Велес, Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул.Раштански Пат бр.2, Велес, Република Северна Македонија над ГМ АМ ЛОГИСТИК ЦЕНТЕР СРЛ од Република Романија, со регистрирано седиште на Цалеа БАЦИУЛУИ бр. 47, Депозитул 3, Општина Клуж-Напока, Романија преку купопродажба на удели.

-Друштво за трговија и услуги ГРЕЕН МАЦХИНЕС ДОО Велес ("ГРЕЕН МАЦХИНЕС ДОО Велес") е трговско друштво основано во Република Северна Македонија согласно позитивните законски прописи како друштво со ограничена одговорност, со седиште на. ул.Раштански Пат бр.2, Велес Република Северна Македонија и регистрирана приоритена дејност - трговија на големо со други машини и опрема.

-ГМ АМ ЛОГИСТИК ЦЕНТЕР СРЛ е трговско друштво основано во Република Романија согласно важечките законски прописи како друштво со ограничена одговорност и прориетна дејност е специјализирана трговија на големо. Единствен основач на целното друштво е Друштвото со ограничена одговорност Греен Мацхинес Интернатионал ГмбХ со седиште на 5202 Неумаркт ам Валерзее, Зомерфелд 1 Австрија.

Друштво за трговија и услуги ГРЕЕН МАЦХИНЕС ДОО Велес на директен начин ќе се стекне со сопственост на 100% од уделите во ГМ АМ ЛОГИСТИК ЦЕНТЕР СРЛ, со купување на уделите од единствениот содружник Греен Мацхинес Интернатионал ГмбХ, и со тоа ќе стекне целосна контрола за одлучување во друштвото врз ГМ АМ ЛОГИСТИК ЦЕНТЕР СРЛ, а за што е склучен договор за продажба и пренос на удел на 31 Октомври 2019 година.

Учесниците на концентрацијата сметаат дека за потребите на ова Известување за концентрација, релевантниот пазар на стоки за предложената трансакција се однесува на пазар на трговија со резервни делови за специфични машини за надворешно чистење на улици, во Европката Унија како и во Австралија, Соединетите Американски Држави и Аргентина.

20.12.2019 година

Скопје